Центар за стручно образование и обука
Qendra për Arsim Profesional dhe Trajnim
Vocational Education and Training Centre

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF NORTH MACEDONIA

Занаетчиска Комора Скопје

ДРЖАВЕН ПРОСВЕТЕН ИНСПЕКТОРАТ
ДИП

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC



# УПАТСТВО ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА САМОЕВАЛУАЦИЈА

## НА ПРОЦЕСОТ НА УЧЕЊЕ ПРЕКУ РАБОТА ВО СРЕДНОТО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ

Имплементирано од:
HELVETAS

Изработката на инструментите, пилотирањето и изработката на ова упатство беа поддржани од проектот на Владата на Швајцарија „Образование за вработување (Е4Е@мк)“, под покровителство на Министерството за образование и наука.

Ставовите изразени во Упатството се на авторите и не мора да се совпаѓаат со мислењата и со политиката на проектот, на организациите што го спроведуваат Проектот и на донаторот.

***Наслов:*** „Упатство за спроведување на самоевалуација на процесот на учење преку работа во средното стручно образование“

***Издавач:*** Проектот „Образование за вработување во Северна Македонија (Е4Е@мк)“

***Лектура:*** Катица Трајкова

***Дизајн:*** Магдалена Панева

Упатство за спроведување на самоевалуација на процесот на учење преку работа во средното стручно образование © 2024 од Проектот „Образование за вработување во Северна Македонија (Е4Е@мк)“ е лиценцирано под Creative Commons Attribution-NonCommercial-ShareAlike 4.0 International. Да видите примерок од оваа лиценца, посетете https://creativecommons.org/licenses/by-nc-sa/4.0/

# ПРЕДГОВОР

Промените во општеството и економиите наметнуваат системите за стручно образование да ја зголемуваат својата флексибилност и ефикасност, од една страна, но и да даваат квалитет, од друга страна. Со цел брзата динамика да не се испречи на патот на квалитетот, создадовме механизам кој треба да служи како потсетник за аспектите на кои треба да се обрнува внимание, кои треба да се следат и да се подобруваат за да се придонесе кон квалитетен, целисходен образовен процес на учење преку работа кој дава резултати во усогласувањето на потребните вештини во реалниот свет на работата.

Создавањето на овој механизам за континуирано следење и подобрување на имплементацијата на учењето преку работа е плод на заедничката работа на работната група составена од следниве членови:

- ***Ардијана Исахи Палоши***, раководител на Одделението за истражување, обезбедување и осигурување на квалитет во стручното образование и обука, Центар за стручно образование и обука (ЦСОО)
- ***Бојана Политова***, советник за партнерско работење и соработка со државни органи, Центар за стручно образование и обука (ЦСОО)
- ***Наташа Јаневска***, проектен менаџер, Стопанска комора на Северна Македонија
- ***Даниела Михајлова***, проектен менаџер, Стопанска комора на Северна Македонија
- ***Анета Атанасовска***, извршен директор, Занаетчиска комора – Скопје
- ***Антонела Стојановска***, државен просветен инспектор, Државен просветен инспекторат
- ***Ивана Георгиевска***, раководител за стручно образование и обука, Образование за вработување во Северна Македонија, Е4Е@мк.

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| **ВОВЕД** | **5** |
| **СТРУКТУРА НА ИНСТРУМЕНТИТЕ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА** | **6** |
| 1. Идентификациони податоци | 6 |
| 2. Технички аспекти на реализација на учењето преку работа | 7 |
| 3. Степен на задоволство од реализацијата на учењето преку работа | 7 |
| 4. Ефекти од реализацијата на учењето преку работа | 7 |
| 5. Предлози за подобрување | 7 |
| **НАЧИН НА АДМИНИСТРИРАЊЕ НА ИНСТРУМЕНТИТЕ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА ОД СТРАНА НА УЧИЛИШТАТА** | **8** |
| 1. Организација на процесот | 8 |
| 2. Дистрибуција на прашалниците | 9 |
| 3. Анализа на добиените податоци | 9 |
| 4. Изготвување извештај со акциски план за подобрување | 10 |
| **НАДВОРЕШНА ЕВАЛУАЦИЈА** | **10** |
| **НАСОКИ ЗА ЕЛЕКТРОНСКО АДМИНИСТРИРАЊЕ (ФОРМС)** | **10** |
| **АНЕКС - ПРАШАЛНИЦИ** | **11** |
| Прашалник за наставници по УПР | 12 |
| Прашалник за ученици | 20 |
| Прашалник за родители | 28 |
| Прашалник за работодавачи | 35 |
| Анекс - Образец за извештај од самоевалуцијата со акциски план | 43 |

# ВОВЕД

Тргнувајќи од потребата за проценка на степенот на ефективност и ефикасност од реализацијата на учењето преку работа, примената на прописите, упатствата[1]/насоките и другите акти, нивото на свесност и задоволство кај наставниците за учење преку работа, учениците, родителите/старателите и кај работодавачите, Центарот за стручно образование и обука (ЦСОО), Стопанската комора на Северна Македонија (СКСМ) и Занаетчиската комора на Скопје со поддршка на проектот „Образование за вработување во Северна Македонија (E4E@mk)" изготвија инструменти за спроведување на самоевалуација на процесот на подготовка за организација и имплементација на учењето преку работа.

Во ова упатство поимот ***учење преку работа*** се подразбира во поширока смисла и е синонимен со поимот „практично образование" во четиригодишното стручно образование и „практична настава" во тригодишното стручно образование и со тоа ги опфаќа практичната настава, учењето преку работа кај работодавач и феријалната практика како форми на учење преку работа.

Преку инструментите за самоевалуација, училиштата и работодавачите ги препознаваат квалитативните елементи за организирање и спроведување на процесот на реализација на учењето преку работа. Извештајот од самоевалуацијата е значаен и за училиштето и за работодавачите, бидејќи се добиваат податоци и резултати со кои се поттикнува преземање активности за корекција на детектирани недостатоци преку подготовка на акциски план, подобрување на процесот на реализација на учењето преку работа и подигање на неговиот квалитет.

---

1 Упатство за учење преку работа, Упатство за феријална практика.

# СТРУКТУРА НА ИНСТРУМЕНТИТЕ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА

Инструментите за самоевалуација се состојат од 4 вида на прашалници:

- **Прашалник за наставници**[2]
- **Прашалник за ученици**
- **Прашалник за родители**
- **Прашалник за работодавачи.**

Прашалниците може да се користат и за внатрешна самоевалуација и за надворешна евалуација, како што е објаснето подолу во Упатството. Процесот на внатрешна евалуација (самоевалуација) на УПР е заеднички процес на училиштата и работодавачите. Училиштето го координира процесот на доставување на прашалниците, додека пополнувањето го прави соодветната целна група. Целосната анализа ја прави училиштето, анализирајќи ги прашалниците од сите 4 категории испитаници.

Сите инструменти за самоевалуација имаат иста структура, која се состои од пет групи на прашања:

## 1 ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

Во овој дел од прашалникот испитаникот внесува/избира општи податоци, како што се: назив на средното стручно училиште/регионалниот центар за стручно образование и обука или назив на работодавачот, седиште/општина, пол, сектор/струка, образовен профил/квалификација, ниво на квалификација според Националната рамка на квалификации (НРК) и година на образование во која ја реализира наставата по УПР.

2 Наставници по УПР за II, III и IV година.

## 2 ТЕХНИЧКИ АСПЕКТИ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА УЧЕЊЕТО ПРЕКУ РАБОТА

Во вториот дел од прашалникот испитаникот ги вреднува техничките аспекти коишто се однесуваат на подготовката за реализација, имплементацијата и активностите по завршувањето на УПР за претходната учебна година и за секој од исказите треба да означи дали се согласува или не се согласува со него.

## 3 СТЕПЕН НА ЗАДОВОЛСТВО ОД РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА УЧЕЊЕТО ПРЕКУ РАБОТА

Во овој дел од прашалникот испитаникот го проценува нивото на задоволство од реали-зацијата на учењето преку работа и на скала од 1 до 4 ги означува своите одговори (1 – воопшто не се согласувам; 2 – не се согласувам; 3 – се согласувам и 4 – сосема се согласувам).

## 4 ЕФЕКТИ ОД РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА УЧЕЊЕТО ПРЕКУ РАБОТА

Во овој дел се сретнуваат неколку типа на прашања преку кои се мерат резултатите и можностите по реализацијата на учењето преку работа, како и евентуалните пречки при реализацијата. Испитаникот на скала од 1 до 4 ги означува своите одговори, додека на останатите прашања прави избор на еден од понудените одговори или повеќекратен избор со можност за дополнување.

## 5 ПРЕДЛОЗИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ

Овој дел од прашалникот е поставен како отворено прашање и испитаникот треба да даде предлози кои водат кон подобрување на процесот на реализација на учењето преку работа (практична настава, феријална практика и учење преку работа кај работодавач).

# НАЧИН НА АДМИНИСТРИРАЊЕ НА ИНСТРУМЕНТИТЕ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА ОД СТРАНА НА УЧИЛИШТАТА

За успешна имплементација на самоевалуацијата потребно е да се извршат следните клучни задачи:

1. **Организација на процесот**
2. **Дистрибуција на прашалниците**
3. **Анализа на добиените податоци**
4. **Изготвување извештај со акциски план за подобрување.**

## 1. Организација на процесот

Организацијата на процесот се води од страна на стручната служба/координаторот за УПР. Самоевалуација се врши задолжително еднаш на две години, а се препорачува еднаш во годината во текот на месец септември. Се изведува за:

- I, II и III година во тригодишното образование
- II, III и IV година за дуалните паралелки од четиригодишното образование
- III и IV година во редовното четиригодишно стручно образование.

Прашалниците се наменети и се дистрибуираат за сите сектори за кои училиштето има образовна понуда.

На ниво на училиште, целната група опфатена со инструментите е: наставниците по УПР за секој сектор, репрезентативен примерок[3] од барем 30 % од учениците (од сите наставни јазици) и од нивните родители/старатели.

Со цел да се согледа сликата за целиот процес, училиштата испраќаат електронска врска со Прашалникот за работодавачи и до работодавачите со кои имаат соработка за реализација на УПР.

3 При определување на репрезентативниот примерок се обрнува внимание на репрезентативност по сектор, години, пол, наставен јазик, како и по паралелки каде што е тоа соодветно.

Работодавачите овој процес го користат и за критичка рефлексија на сопственото учество во УПР. За таа цел, при пополнување на Прашалникот треба да ги евидентираат сопствените слабости за да се подобрат во процесот на УПР.

Во прилог на ова упатство се дадени инструментите за самоевалуација. Тие може да се користат целосно како што се дадени, но согласно со потребите на училиштата или работодавачите може да претрпат измени по сугестија на комисијата за квалитет во рамки на училиштето.

Се препорачува инструментите да се подготват електронски со цел да се олесни процесот на дистибуција и анализа на податоците. Подолу во упатството се дадени дополнителни насоки за овој процес[4].

## 2. Дистрибуција на прашалниците

По креирање на прашалниците во електронска форма, координаторот за УПР и стручната служба го определуваат примерокот на ученици и родители до кои ќе се достави прашалникот. Исто така, прашалникот се доставува и до сите наставници во училиштето што се вклучени во реализација на програмата за УПР.

По оваа одлука, координаторот за УПР го дистрибуира линкот од електронскиот прашалник до наставниците, учениците и до родителите[5] соодветно, како и до работодавачите со кои соработува училиштето. При дистрибуција на прашалниците до соодветните целни групи, јасно се наведува за која учебна година се прави самоевалуација и се бара од учениците и родителите да ја нотираат годината во која бил ученикот/чката таа учебна година[6].
Испитаниците имаат рок од 7 дена да го пополнат прашалникот од времето на доставување на нивната електронска адреса[7].

## 3. Анализа на добиените податоци

Анализата на податоците и подготовката на нацрт-извештајот ја врши координаторот. Податоците се обработуваат по сектори за да се добие слика на организацијата и имплементацијата на УПР во секторот. Исто така, се прави кросанализа на наодите од секторите заради увидување на евентуалните повторувања/обрасци на областите каде што е потребно подобрување и интервенирање на ниво на учесник во процесот.

4 Согласно со новиот Нацрт-закон за стручно образование и обука.

5 Доколку постои можност, во спротивно се доставува во затворено плико до родителите и учениците коишто немаат соодветен електронски уред од страна на стучната служба/или кординаторот на училиштето кој/а ќе ги собере пополнети.

6,7 Пр. ако во текот на спроведувањето на самоевалуацијата ученикот е III година, во прашалникот ја наведува претходната година на образование, т. е. II година.

### 4. Изготвување извештај со акциски план за подобрување

При изготвувањето на извештајот, со цел да се согледа целосната слика на организацијата и имплемен1ацијата на УПР, потребно е да се направи консолидација со наодите по сектори. Составен дел на извештајот се и препораките и акцискиот план за подобрување на целокупниот процес. Образец за извештај е даден во прилог.

## НАДВОРЕШНА ЕВАЛУАЦИЈА

Со цел да се следат потребите за поддршка на имплементаторите на учењето преку работа (училиштата, регионалните центри и работодавачите), одговорните институции на ниво на систем ќе спроведуваат надворешна евалуација на процесот на организација и имплементација на учењето преку работа. Таа ќе се изведува еднаш на три години со користење на приложените инструменти за процесот на самоевалуација со можна модификација, но добиените податоци ќе се обработуваат на ниво на систем. Наодите од самоевалуацијата ќе бидат значајни за информирање на системот за подобрување на квалитетот на УПР на национално ниво.

Надворешната евалуација на УПР ќе ја спроведуваат ЦСОО и коморите, во соработка со Државниот просветен инспекторат.

## НАСОКИ ЗА ЕЛЕКТРОНСКО АДМИНИСТРИРАЊЕ (ФОРМС)

Согласно со процесот на пилотирање и техничките можности на училиштата, се препорачува дигитализирањето на прашалниците да се прави со помош на Формс (Forms). Во самите прашалници во фусноти се дадени дополнителни конкретни насоки. Верзиите на прашалниците дадени во прилог на ова упатство е можно да се администрираат преку оваа алатка. Сепак, не се исклучува можноста и правото на училиштето да користи и други дигитални алатки што ги има на располагање, а кои смета дека ќе го направат процесот на самоевалуација ефикасен и ефективен.



# АНЕКС - ПРАШАЛНИЦИ

# ПРАШАЛНИК ЗА НАСТАВНИЦИ ПО УПР

**Почитувани,**

**Ви благодариме за вашето учество во процесот на самоевалуација. Вашите одговори ќе помогнат за подобрување на квалитетот на реализација на учењето преку работа.**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

1. Назив на средното стручно училиште/регионалниот центар: ____________________

2. Седиште/општина: ____________________

3. Сектор/струка[8]: ____________________

4. Образовен профил/квалификација: ____________________

5. Ниво на квалификација според Националната рамка на квалификации (НРК)

   - ☐ III ниво од НРК (тригодишно образование) – дуален модел на образование
   - ☐ III ниво од НРК (тригодишно образование) – практична обука
   - ☐ IV ниво од НРК (четиригодишно образование) – дуален модел на образование
   - ☐ IV ниво од НРК (четиригодишно образование) – учење преку работа (УПР)

6. Година на образование во која реализирате настава по практично образование: (повеќекратен избор)

   - ☐ I
   - ☐ II
   - ☐ III
   - ☐ IV

8 Се програмира одговорот со листа на сектори за кои училиштето има образовна понуда

# 2. ТЕХНИЧКИ АСПЕКТИ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА УЧЕЊЕТО ПРЕКУ РАБОТА

Ве молиме, означете со кој од исказите се согласувате ***(ДА)***, а со кој не се согласувате ***(НЕ)***.

## *2.1. ПОДГОТОВКА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА УЧЕЊЕ ПРЕКУ РАБОТА*

| ИСКАЗИ | ДА | НЕ | ДЕЛУМНО |
|---|---|---|---|
| Назначени се наставници и координатори за учење преку работа | | | |
| Склучен е Меморандум за соработка | | | |
| Сертифицирани се ментори за практична обука кај работодавачи | | | |
| Инфраструктурата и процесите на работа кај работодавачите соодветствуваат со барањата на наставната програма (Решение за верификација на работодавачот) | | | |
| Изготвена е листа на работодавачи и број на работни места кај работодавач | | | |
| Реализирана е посета/обиколка од страна на учениците кај работодавачот пред отпочнување на практичната обука кај работодавач | | | |
| Изработена е Програма за учење преку работа во соработка со работодавачи | | | |
| Изработен е План за реализација на учењето преку работа согласно со донесената програма | | | |
| Изработен е распоред за распределба на учениците кај работодавачи за учење преку работа | | | |
| Истакнат е распоредот на огласна табла на училиштето | | | |
| Потпишан е Договор за практична обука (трипартитен договор во четири примероци) | | | |
| Обезбедена е Потврда за завршена општа обука за безбедност и здравје при работа | | | |
| Обезбедено е осигурување на учениците | | | |
| Обезбеден е превоз на учениците (доколку има потреба од превоз) | | | |
| Обезбеден е дневен оброк за учениците | | | |
| Обезбедено е сместување на учениците кои доаѓаат од други градови | | | |
| Обезбедени се средства за лична заштита | | | |
| Обезбеден е Дневник за учење преку работа | | | |

| ИСКАЗИ | ДА | НЕ | ДЕЛУМНО |
|---|---|---|---|
| Претставен е Кодексот на однесување на учениците кај работодавачот | | | |
| Изработени се критериуми за следење и вреднување на постигањата на учениците | | | |

## 2.2. ДОКОЛКУ ИМА УЧЕНИЦИ СО ПОПРЕЧЕНОСТ, СЕ ОДГОВАРА НА ПРАШАЊЕТО. ДОКОЛКУ НЕМА УЧЕНИЦИ СО ПОПРЕЧЕНОСТ, ПРЕМИНЕТЕ НА СЛЕДНОТО ПРАШАЊЕ[9].

| ИСКАЗИ | ДА | НЕ |
|---|---|---|
| Направени се подготовки за вклучување на ученици со попреченост кај работодавач (доколку има ученици со попреченост) | | |

## 2.3. а) СПЕЦИФИЧНИ УСЛОВИ КАРАКТЕРИСТИЧНИ ЗА ОПРЕДЕЛЕНА ДЕЈНОСТ

| ИСКАЗИ | ДА | НЕ | НЕ Е ПРИ-МЕНЛИВО |
|---|---|---|---|
| Обезбедена е санитарна книшка | | | |
| Обезбеден е специфичен лекарски преглед | | | |
| Обезбедено е дополнително осигурување | | | |

## 2.3. б) ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА УЧЕЊЕТО ПРЕКУ РАБОТА

| ИСКАЗИ | ДА | НЕ |
|---|---|---|
| Учениците се запознати со Кодексот на однесување кај работодавачот | | |
| Учениците го почитуваат Кодексот на однесување кај работодавачот | | |
| Учениците и менторот активно ја реализираат Програмата за учење преку работа | | |
| Информирани сме за редовноста на учениците во реализација на учењето преку работа | | |

9 Прашањето се програмира како незадолжително прашање.

| ИСКАЗИ | ДА | НЕ |
|---|---|---|
| Учениците редовно водат Дневник за учење преку работа | | |
| Редовно се врши проверка на Дневникот за учење преку работа од страна на наставниците | | |
| Редовно се врши проверка на Дневникот за учење преку работа од страна на менторите | | |
| Учениците имаат пристап и можност да ги користат алатите, опремата и машините кај работодавачот | | |
| Активностите и постигањата на учениците се следат од страна на менторот според договорената чек-листа | | |
| Активностите на учениците и нивните постигања се оценуваат од наша страна согласно со вреднувањата на менторот | | |
| Наставникот, координаторот за учење преку работа и менторот соработуваат според однапред договорен план | | |
| Се јавуваат конфликти меѓу учесниците при реализација на учење преку работа | | |
| Се почитуваат правата и обврските од Договорот за практична обука од страна на учесниците | | |
| Редовно се доставува евиденција за напредокот на учениците во стекнување на компетенции од страна на менторот | | |

Доколку се јават конфликти меѓу учесниците при реализација на учењето преку работа, опишете за каков тип на конфликт станува збор[10]!

______________________________________________

______________________________________________

Кој дел од Договорот за практична обука вообичаено не се почитува[11]?

______________________________________________

______________________________________________

## 2.3. в) АКТИВНОСТИ ПО ЗАВРШУВАЊЕ НА УЧЕЊЕТО ПРЕКУ РАБОТА

| ИСКАЗИ | ДА | НЕ |
|---|---|---|
| Програмата за учење преку работа целосно е имплементирана | | |
| Доделени им се потврди/препораки на учениците за реализирано учење преку работа | | |
| Вреднувани се компетенциите на учениците од страна на менторот според утврдената чек-листа | | |

**10, 11** Се програмира како незадолжително прашање со можност за долг одговор.

| ИСКАЗИ | ДА | НЕ |
|---|---|---|
| Оценката за учење преку работа/практична настава на учениците е формирана според вреднувањето од страна на менторот | | |
| Извршена е евалуација на процесот на учење преку работа | | |
| Изготвени се финални извештаи и се доставени до менаџментот на училиштето и релевантните комори | | |
| Дефинирани се мерки за подобрување на процесот на учење преку работа врз основа на резултатите од евалуацијата | | |
| Работодавачите учествуваат во комисии за завршни испити и матура | | |
| Работодавачите учествуваат во комисии на натпревари | | |

## 3. СТЕПЕН НА ЗАДОВОЛСТВО ОД РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА УЧЕЊЕТО ПРЕКУ РАБОТА

На скала од ***1*** до ***4*** проценете колку сте задоволни од реализацијата на учењето преку работа. Одговорите означете ги со:

1 - **воопшто не се согласувам;**

2 - **не се согласувам;**

3 - **се согласувам и**

4 - **сосема се согласувам.**

| ИСКАЗИ | 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|---|
| Соработката наставник – ментор е на задоволително ниво | | | | |
| Соработката наставник – ученик е на задоволително ниво | | | | |
| Соработката ментор – ученик е на задоволително ниво | | | | |
| Соработката наставник – ментор – родител е на задоволително ниво | | | | |
| Учениците се вклучени во сите работни процеси кај работодавачите | | | | |
| Учениците ги користат алатите, опремата и машините кај работодавачите | | | | |
| Вештините стекнати на работното место се усогласени со теоретските знаења стекнати во училиштето | | | | |

| ИСКАЗИ | 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|---|
| Учениците го почитуваат времетраењето на практичната обука согласно со однапред договорениот распоред | | | | |
| Климата за работа кај работодавачите е задоволителна | | | | |
| Инструкциите и поддршката на менторот овозможуваат постигнување на потребните компетенции на учениците | | | | |
| Повратната информација дадена од менторот води кон мотивација и постигнување на позитивни резултати кај учениците | | | | |
| Наставникот/координаторот за УПР има непречен пристап за следење на реализацијата на практичната обука на учениците кај работодавачите | | | | |
| Навремено добиваме информација за учениците од менторот | | | | |
| Наставниот кадар има пристап за следење на новите процеси, технологии и процедури кај работодавачот | | | | |
| Утврдени се можности за наградување на учениците од страна на работодавачите (стипендирање ученици, донирање опрема и литература, екскурзии, матурски прослави и сл.) | | | | |

## 4. ЕФЕКТИ ОД РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА УЧЕЊЕТО ПРЕКУ РАБОТА

На скала од ***1*** до ***4*** проценете колку сте задоволни од реализацијата на учењето преку работа. Одговорите означете ги со:

1 - **воопшто не се согласувам;**

2 - **не се согласувам;**

3 - **се согласувам и**

4 - **сосема се согласувам.**

| ИСКАЗИ | 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|---|
| Постигнати се стручните и клучните компетенции на учениците според стандардот за квалификација | | | | |
| Резултатите од завршните практични испити/задачи на учениците континуирано се подобруваат | | | | |

## *4.1 СПОРЕД ВАШИТЕ СОЗНАНИЈА, МЕНТОРИРАЊЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА УЧЕЊЕ ПРЕКУ РАБОТА СЕ ВРШИ[12]:*

- ☐ на почетокот на реализацијата на учењето преку работа
- ☐ преку демонстрација на процесот на задачата
- ☐ преку поддршка при реализација на задачата
- ☐ преку давање повратна информација
- ☐ воопшто нема менторирање

Друго, дополнете[13]: ______________________________________________

______________________________________________

## *4.2 ВЕШТИНИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ СТЕКНАТИ КАЈ РАБОТОДАВАЧОТ[14]:*

- ☐ се усогласени со теоретските знаења
- ☐ го следат развојот на технологијата
- ☐ се ограничени само за одредени работни процеси
- ☐ целосно се применливи за поширок спектар на работни процеси
- ☐ не се применливи

Друго, дополнете[15]: ______________________________________________

______________________________________________

## *4.3 ОЗНАЧЕТЕ ГИ ПРЕЧКИТЕ ШТО ГИ ДЕТЕКТИРАВТЕ ПРЕД, ВО ТЕКОТ И ПО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА УЧЕЊЕТО ПРЕКУ РАБОТА (МОЖЕТЕ ДА ЗАОКРУЖИТЕ ПОВЕЌЕ ПОНУДЕНИ ОДГОВОРИ):*

- ☐ неподготвеност на учениците за процесот на учење преку работа
- ☐ неинформираност на родителите за процесот на учење преку работа
- ☐ слаба организација при распределба на учениците

**12** Повеќекратен избор на одговори.

**13** Се програмира како незадолжително прашање со можност за долг одговор.

**14** Повеќекратен избор на одговори.

**15** Се програмира како незадолжително прашање со можност за долг одговор.

- ☐ недостиг на обука за безбедност и здравје при работа
- ☐ недоволна вклученост на родителот во процесот на учење преку работа
- ☐ недоволна посветеност на наставникот во процесот на учење преку работа
- ☐ ниско ниво на комуникација ментор – наставник
- ☐ непочитување на препораките за подобрување од страна на учениците
- ☐ недостиг на сертифицирани ментори
- ☐ недостиг на верифицирани компании
- ☐ отсуство на соработка меѓу учесниците при планирање и програмирање на учење преку работа
- ☐ ниско ниво на вклученост на раководството во училиштето во процесот на учење преку работа
- ☐ ниско ниво на вклученост на раководството во компанијата/организацијата во процесот на учење преку работа
- ☐ недоволна посветеност на менторот во процесот на учење преку работа
- ☐ недоволна соработка на вработените во компаниите со учениците при реализација на практичната обука
- ☐ необезбеден соодветен превоз и опрема за учениците при реализација на учењето преку работа
- ☐ ниско ниво на мотивација кај учениците при реализација на учење преку работа
- ☐ слаб интерес кај учениците во процесот на учење преку работа
- ☐ недостиг на материјална придобивка за компанијата
- ☐ недостиг на материјална придобивка за ученикот
- ☐ Друго, дополнете[16]: ____________________________________________

____________________________________________________________

## 5. ПРЕДЛОЗИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ

Наведете ги вашите предлози кои водат кон подобрување на процесот на реализација на учењето преку работа:

____________________________________________________________

____________________________________________________________

**16** Се програмира како незадолжително прашање со можност за долг одговор.

# ПРАШАЛНИК ЗА УЧЕНИЦИ

**Почитувани ученици,**

**Ви благодариме за пополнувањето на овој прашалник. Вашите одговори ќе помогнат за подобрување на квалитетот на реализација на учењето преку работа.**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

1. Назив на средното стручно училиште/регионалниот центар:

   ______________________________________________

2. Општина: ______________________________________________
3. Пол:

   - ☐ машки
   - ☐ женски

4. Година на образование:

   - ☐ I
   - ☐ II
   - ☐ III
   - ☐ IV

5. Сектор/струка[17] : ______________________________________________
6. Образовен профил/квалификација: ______________________________________________

17 Се програмира одговорот со листа на сектори за кои училиштето има образовна понуда.

7. Ниво на квалификација според Националната рамка на квалификации (НРК)

- ☐ II ниво од НРК (тригодишно образование) – дуален модел на образование
- ☐ III ниво од НРК (тригодишно образование) – практична обука
- ☐ IV ниво од НРК (четиригодишно образование) – дуален модел на образование
- ☐ IV ниво од НРК (четиригодишно образование) – учење преку работа (УПР)

## 2. ТЕХНИЧКИ АСПЕКТИ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА УЧЕЊЕТО ПРЕКУ РАБОТА

Првата група на прашања бара да направиш проценка на целиот процес на реализација на твоето учење преку работа. Фокусирај се на тоа како се спроведуваше подготовката за реализација на учењето преку работа, како се спроведуваше учењето преку работа во компанијата кај работодавачот каде што беше распределен/а и што се случуваше по завршување на учењето преку работа.

Твоја задача е да означиш со кои од исказите се согласуваш ***(ДА)***, а со кои не се согласуваш ***(НЕ)***.

### *2.1. ПОДГОТОВКА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА УЧЕЊЕ ПРЕКУ РАБОТА*

| ИСКАЗИ | ДА | НЕ |
|---|---|---|
| Бев запознат/а со наставникот одговорен за учење преку работа | | |
| Бев запознат/а со распоредот и компанијата каде што реализирав учење преку работа | | |
| Имам потпишан Договор за практична обука | | |
| Имам потврда од училиштето за завршена општа обука за безбедност и здравје при работа | | |
| Имам обезбедено осигурување | | |
| Обезбеден ми е превоз до и од компанијата | | |
| Обезбеден ми е дневен оброк додека сум на пракса | | |
| Обезбедени ми се средства за лична заштита | | |
| Обезбеден ми е Дневник за учење преку работа | | |

| ИСКАЗИ | ДА | НЕ |
|---|---|---|
| Ми беа претставени правилата за начинот на однесување во компанијата | | |
| Запознат/а сум со критериумите за вреднување од страна на менторот | | |

## 2.2 СЛЕДНИТЕ ДВА ИСКАЗИ ДОКОЛКУ НЕ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ТЕБЕ, ПРЕСКОКНИ ГИ И ПРОДОЛЖИ НА СЛЕДНОТО ПРАШАЊЕ[18]

| ИСКАЗИ | ДА | НЕ |
|---|---|---|
| Обезбедено ми е сместување, бидејќи доаѓам од друг град | | |
| Приспособени се условите за моето вклучување кај работодавачот соодветно на мојата попреченост | | |

## 2.3. А) СПЕЦИФИЧНИ УСЛОВИ КАРАКТЕРИСТИЧНИ ЗА ОПРЕДЕЛЕНА ДЕЈНОСТ. СЛЕДНИТЕ ИСКАЗИ ДОКОЛКУ НЕ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ТЕБЕ, ПРЕСКОКНИ ГИ И ПРОДОЛЖИ НА СЛЕДНОТО ПРАШАЊЕ[19]

| ИСКАЗИ | ДА | НЕ |
|---|---|---|
| Имам санитарна книшка | | |
| Направен ми е специфичен лекарски преглед | | |
| Имам потпишано изјава за чување деловна тајна | | |
| Имам обезбедено дополнително осигурување | | |

## 2.3. Б) ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА УЧЕЊЕТО ПРЕКУ РАБОТА

| ИСКАЗИ | ДА | НЕ |
|---|---|---|
| Запознат/а сум со правилата за начинот на однесување кај работодавачот | | |
| Ги почитувам правилата за начинот на однесување кај работодавачот | | |

**18** Се програмира како незадолжително прашање.

**19** Се програмира како незадолжително прашање.

| ИСКАЗИ | ДА | НЕ |
|---|---|---|
| Активно учествувам во работните процеси во компанијата кои се соодветни за мојата квалификација/профил | | |
| Редовен/а сум во реализација на учењето преку работа | | |
| Редовно водам Дневник за учење преку работа | | |
| Менторот редовно врши проверка на мојот Дневник за учење преку работа | | |
| Наставникот редовно врши проверка на мојот Дневник за учење преку работа | | |
| Имам пристап и можност да ги користам алатите, опремата и машините кај работодавачот | | |
| Моите активности и постигања се следат и се евидентираат од страна на менторот | | |
| Моите активности и постигања се следат и се евидентираат од страна на наставникот | | |
| Имав проблем при реализацијата на учењето преку работа | | |
| Сите ги почитуваме правата и обврските од Договорот за практична обука | | |
| Се води евиденција за мојот напредок во стекнување на компетенции за извршување на работните активности | | |

Доколку имавте проблем при реализацијата на учењето преку работа, опиши за каков проблем стана збор![20]

Опиши што евентуално не се почитува/исполнува од Договорот за практична обука![21]

## 2.3. В) АКТИВНОСТИ ПО ЗАВРШУВАЊЕ НА УЧЕЊЕТО ПРЕКУ РАБОТА

| ИСКАЗИ | ДА | НЕ |
|---|---|---|
| Доделени ми се потврди/препораки за реализирано учење преку работа | | |
| Мојата оценка за учење преку работа/практична настава е формирана според вреднувањето од страна на менторот | | |

20 Незадолжителни прашања програмирани со можност за долг одговор.

21 Незадолжителни прашања програмирани со можност за долг одговор.

| ИСКАЗИ | ДА | НЕ |
|---|---|---|
| Запознат/а сум дека работодавачите учествуваат во комисии за завршни испити и матура | | |
| Запознат/а сум дека работодавачите учествуваат во комисии на натпревари | | |

## 3. СТЕПЕН НА ЗАДОВОЛСТВО ОД РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА УЧЕЊЕТО ПРЕКУ РАБОТА

Со помош на скала од ***1*** до ***4*** процени колку си задоволен/задоволна од реализацијата на учењето преку работа. Одговорите означи ги со:

1 - **воопшто не се согласувам;**

2 - **не се согласувам;**

3 - **се согласувам и**

4 - **сосема се согласувам.**

| ИСКАЗИ | 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|---|
| Соработката со менторот е на задоволително ниво | | | | |
| Соработката со наставникот е на задоволително ниво | | | | |
| Соработката на менторот со наставникот е на задоволително ниво | | | | |
| Соработката на менторот со мојот родител е на задоволително ниво | | | | |
| Вклучен/а сум во сите работни процеси кај работодавачот | | | | |
| Ги користам алатите, опремата и машините кај работодавачот | | | | |
| Одговорно и економично ракувам со алатите, опремата, машините и репроматеријалите кај работодавачот | | | | |
| Вештините што ги стекнувам на работното место се усогласени со моите теоретски знаења стекнати во училиштето | | | | |
| Го почитувам времетраењето на учењето преку работа | | | | |
| Задоволен/а сум како сум прифатен/а од вработените од компанијата при реализацијата на учењето преку работа | | | | |
| Воведувањето во работниот процес се врши постепено, чекор по чекор | | | | |

| ИСКАЗИ | 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|---|
| Климата за работа кај работодавачот е задоволителна | | | | |
| Инструкциите и поддршката од менторот ми помогнаа да ги постигнам потребните вештини | | | | |
| Повратната информација дадена од менторот ме мотивира да постигнувам позитивни резултати во учењето | | | | |
| Информациите што ги има менторот за мене се пренесуваа на наставникот по учење преку работа и обратно | | | | |
| Се запознавам со новите процеси, технологии и процедури кај работодавачот | | | | |
| Награден/а сум од работодавачот преку: стипендирање, донирање опрема и литература, екскурзии и/или матурски прослави и сл. | | | | |
| Посакувам да се вработам во компанијата каде што тековно реализирам практична обука по моето завршување на образованието | | | | |

## 4. ЕФЕКТИ ОД РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА УЧЕЊЕТО ПРЕКУ РАБОТА

